# МОРИ ОДАЈО ШАРЕНА

Локалитет — Костурско
Играчки состав — жени
Држење — за раце свиени во лактите, дигнати во висина на рамото.
Метар-7/8
Карактер на орото — грациозно, распеано и весело.

Во Костурско и Воденско оваа песна е многу распространета и на прекрасната мелодија жените секогаш се фаќаат на оро. Ретко се случува да се пее без играње. Се игра на полустапалото, елегантно и налик е на невистинското оро се разбира со подруги чекори, меѓутоа, се одликува со смиреност и одмереност во темпото. Се разбира најчесто ја среќаваме со музичка придружба, но се игра и само со пеење. За распространувањето на ова оро огромен придинес има женската група „Костурчанки“.




Мори одајо шарена 2 п
со три бандили правена, 2 п
со три бандили правена 2 п
со бела зема мазана, 2 п.

Со бела зема мазана 2 п
со сина боја шарена, 2 п
камо ти млада невеста 2 п
да руса бруса во неа 2 п

Да руса бруса во неа 2 п.
да дига димја праови, 2 п
мори чупи све одбрани 2 п
раширете го орото, 2 п

Раширете го орото 2 п
да ви вијме фустаните, 2 п
чиј е фустан дамкајлија 2 п
да се сторам севдалија, 2 п

Да се стора севдалија 2 п
од фустано на чупчето 2 п.